Македонско здружение на млади правници

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ НА МЗМП ЗА ПРАКТИКИТЕ НА ЗАДРЖУВАЊЕ СТРАНЦИ ВО МАКЕДОНИЈА ОД ИМИГРАЦИСКИ ПРИЧИНИ 2017

*Скопје, февруари 2018*
COPYRIGHT © 2018 MACEDONIAN YOUNG LAWYERS ASSOCIATION

Наслов:
ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ НА МЗМП ЗА ПРАКТИКИТЕ НА ЗАДРЖУВАЊЕ СТРАНЦИ ВО МАКЕДОНИЈА ОД ИМИГРАЦИСКИ ПРИЧИНИ—2017

Издавач:
Македонско здружение на млади правници—МЗМП Скопје

Автори:
Мартина Мартинова
Бојана Божиновска

Уредник:
Зоран Дранговски

Оваа публикација е отпечатена во рамките на проектот „Глобална програма за техничка помош и градење на капацитетите за спречување на притвор на децата и заштита на децата и на другите баратели на азил во притвор“, финансирана од Европската Унија.

Содржината на оваа публикација е во исклучива одговорност на МЗМП и во никој случај не ги одразува гледиштата на Европската Унија.

Оваа публикација е поддржана во рамките на проектот „Глобална програма за техничка помош и градење на капацитетите за спречување на притвор на децата и заштита на децата и на другите баратели на азил во притвор“, од страна на Претставништвото на УНХЦР во Скопје.

Мислењата и ставовите изразени во публикацијата се мислења на авторот и нужно не ги одразуваат официјалните ставови на УНХЦР.

# ВОВЕД

Во 2017, бегалците и мигрантите продолжија да транзитираат преку Македонија користејќи нерегуларни и криумчарски рути. Како одговор, задржувањето на странци од имиграциски причини беше растечка појава, зголемувајќи ја загриженоста околу можни прекршувања на човековите права на странските државјани кои се задржани помеѓу македонските граници.

Некои од најголемите поводи за загриженост се отсуството на соодветна информираност на задржаните лица за правниот основ за задржување, можностите истото да го оспорат и отсуството на пристап до правна помош. Правната помош и можноста за соодветно оспорување на законитоста на задржувањето се основни заштитни мерки против произволното задржување, па оттука, пристапот до ефективна правна помош е клучен за сите лица кои се задржани.

Исто така проблематично е и дека задржаните лица се соочуваа со пречки во пристапот до постапката за признавање право на азил пред ослободувањето. Иако поголемиот дел од нив побараа меѓународна заштита откако ќе добиле пристап, често тие не биле во можност да започнат постапка за азил за време на задржувањето.

Алтернативи на задржувањето не беа достапни. Објектот за сместување на ранливите категории баратели на азил („безбедната куќа“) често се користеше како алтернативна форма на задржување на жените и децата. Сепак, иако условите во овој објект беа подобри за исполнување на некои од основните потреби на ранливите категории, правото на слобода на движење на лицата беше ограничено. МЗМП верува дека вистински алтернативи на задржувањето треба да бидат достапни и го истакнува фактот дека користењето на алтернативни форми на задржување за барателите на азил, чија слобода на движење е загарантирана, е незаконско.

Од 2015 година, Македонското здружение на млади правници (МЗМП), поддржано од УНХЦР, е активно вклучено во заштитата на бегалци и мигранти кои се задржани од имиграциски причини. МЗМП спроведува редовно мониторирање на објектот наменет за задржување и им обезбедува информација за меѓународната заштита во Македонија на задржаните лица.

Овој извештај содржи податоци за профилот на задржаните државјани на трети земји, правните основи за задржување, условите во објектот наменет за задржување и пристапот до системот за азил. Презентираните прашања имаат цел да послужат како индикатор за понатамошен развој на политиката и практиката во насока на заштита на правата на оние кои се задржувани од имиграциски причини во Македонија.



# КЛУЧНИ НАОДИ

Бројот на задржани лица од имиграциски причини во 2017 беше значително помал во споредба со 2015 и 2016 година.

Условите на задржувањето се разликуваат од релевантната домашна и меѓународна правна рамка.

Задржаните лица не беа соодветно информирани за правниот основ за нивно задржување, за можностите истото да го оспорат, ниту имаа пристап до правна помош.

Задржаните лица се соочуваа со пречки во остварувањето на пристап до постапката за признавање право на азил пред ослободувањето.

58.64% од барателите на азил во Македонија во текот на 2017 година биле задржани пред да побараат азил.

# ЛИЦА ЗАДРЖАНИ ВО ПРИФАТНИОТ ЦЕНТАР ЗА СТРАНЦИ

Прифатниот центар за странци е единствениот објект за задржување странци од имиграциски причини во Македонија. Во 2017 година, МЗМП спроведуваше редовни неделни посети на центарот.

Во текот на годината, најмалку 100 поединци беа задржани во центарот. Најголемиот дел од нив беа од машки пол и на возраст помеѓу 18-59 години, со исклучок на три непридружувани деца и една мајка со две малолетни деца. Мнозинството од задржаните лица потекнуваа од Пакистан, Сирија и Авганистан.

Треба да се има предвид дека поради ограничениот пристап на МЗМП до задржаните лица и просториите за задржување, презентираните податоци треба да се сметаат за приближни.




*Земја на потекло на задржаните лица во 2017*




*Место на поднесувањето на барање за признавање право на азил во 2017*

# ПРАВЕН ОСНОВ ЗА ЗАДРЖУВАЊЕ

Според релевантната правна рамка, странец може да биде задржан во Македонија заради утврдување негов идентитет и присилно отстранување од земјата.

За време на посетите, МЗМП не беше во можност да ги утврди правните основи за задржување на интервјуираните лица. Причината за ова е недоставувањето на решенија за задржување на лицата и недостатокот од пристап на МЗМП до индивидуалните досиеја.

Според наоѓањата на МЗМП засновани на разговорите со лицата, најголемиот дел од нив биле приведени во моментот додека патувале со криумчари на мигранти. На задржаните лица им било кажано од страна на полицијата дека се сведоци во кривичните постапки против криумчарите на мигранти и биле ослободени откако дале исказ пред суд. Во оваа насока, треба да се потенцира дека не постои законска одредба која овозможува притвор на сведоци.

Сепак, исто така беа евидентирани случаи во кои лицата беа задржани поради други причини како: поседување фалсификувани патни исправи, нерегуларен влез на аеродром итн.

# УСЛОВИ НА ЗАДРЖУВАЊЕ

*МЗМП има ограничен пристап до просториите за задржување во Прифатниот центар за странци. Следниот дел ги сумира искуствата на задржаните лица во врска со условите добиени од МЗМП за време на интервјуата.*

**ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ** Повеќето од задржаните лица се пожалија на недостаток на информации за основот и времетраењето на задржувањето. Има недостаток на преведувачки услуги кои би обезбедиле дека задржаните лица целосно го разбираат нивниот правен статус, решенијата кои се однесуваат на нив и документите кои им било кажано да ги потпишат.

**ХРАНА** Задржаните лица добивале храна еднаш во текот на 24 часа. Во некои случаи, нив им била дадена храна еднаш во 48 часа. Тие се пожалија на недоволна количина, лош квалитет и хранлива вредност на храната која ја добиваат. Исто така, беа добиени поплаки дека храната не е прилагодена на индивидуалната здравствена состојба.

**ПРИСТАП ДО СВЕЖ ВОЗДУХ** Задржаните лица не биле во можност да се движат слободно во рамки на центарот и немале можност да поминуваат време на отворено, со исклучок на задржаните лица од женски пол на кои им било дозволено да се движат во дворот на центарот под надзор на полициски службеници.

**ЗДРАВСТВЕНА ГРИЖА** Еден доктор од Црвениот крст редовно го посетува центарот. Само ограничен вид на медицинска грижа е достапна за задржаните лица, иако во одредени случаи некои лица се соочуваат со посериозен здравствен проблем. Дополнително, не е достапна поддршка од социјални работници или психолози за грижа на менталното здравје.

**ПРАВО НА ТЕЛЕФОНСКИ ПОВИЦИ** Не е дозволено користење на мобилни телефони. Задржаните лица биле во можност да го користат бесплатно телефонот во центарот еднаш неделно.

**НАЧИН НА ПОСТАПУВАЊЕ** Има недостаток на индивидуален пристап заснован на карактеристиките, ситуацијата и потребите на странските државјани кои се наоѓаат во центарот. Не се достапни рекреативни активности.

**СМЕСТУВАЊЕ** Во 2017 не е забележана пренатрупаност во центарот и просторот за сместување по лице е доволен. Бројот на задржани лица е мал во споредба со вкупниот капацитет во објектот. Во периодот на известување, помеѓу 4-15 лица беа сместени во една просторија.

## ПРИСТАП ДО СИСТЕМОТ ЗА АЗИЛ

Лицата кои се задржани во центарот се соочуваат со пречки во пристапот до постапката за признавање право на азил.

На задржаните лица не им било овозможено да поднесат барање за признавање право на азил пред да дадат изјава пред суд како сведоци во кривичната постапка против криумчарите на мигранти. Откако дале изјави, речиси сите биле во можност да побараат азил и да бидат преместени во Прифатниот центар за баратели на азил.

Сепак, имаше случај кога едно семејство не беше можност да побара азил иако веќе имаа дадено изјави пред судот. По неколку интервенции на МЗМП, семејството успешно поднесе барања за азил. Полицијата ги смести барателите на азил во објектот за сместување на ранливи категории на баратели на азил („безбедната куќа“) со задоцнување од 8 дена.

За време на периодот на известување, еден барател на азил одбиен во првостепена постапка беше однесен во објектот за задржување од страна на полициски службеници, без да се земе предвид дека веќе беше поднесена тужба со суспензивно дејство. Поради тоа што задржувањето на баратели на азил е спротивно на законот, МЗМП презеде неколку интервенции во врска со незаконското задржување на барателот на азил кои резултираа со негово ослободување по 19 дена.

Во текот на 2017, 95 лица побараа азил во Прифатниот центар за странци. На сите овие лица постапката за азил им беше запрена затоа што го напуштија Прифатниот центар за баратели на азил скоро откако беа сместени таму.

Просечното време на престој на барателите на азил во овој центар беше речиси 5 дена. Повеќето од нив (28.42%) го напуштија центарот истиот ден кога пристигнаа или за еден ден, 21.05% заминаа по два дена, додека 23.15% заминаа три дена по пристигнувањето.

## СЕМЕЈНО РАЗДЕЛУВАЊЕ

Во текот на годината беа идентификувани три случаи на раздвојување на семејството. Како резултат на враќањата во отсуство на формална постапка, во првата половина од годината беше забележан еден случај на семејно разделување. Семејно разделување, исто така, се случуваше како резултат на практиката на полицијата да не ги задржува сите членови на едно семејство, туку само дел од нив, а да го смести остатокот во Прифатниот центар за баратели на азил. Имаше два такви случаи во 2017 година.

## ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ЗАДРЖУВАЊЕТО

Просечното времетраење на задржувањето е 19.5 дена. Најдолгото задржување траеше 82 дена. Максималното времетраење на задржувањето од 12 месеци не беше искористено.

## НЕФОРМАЛНИ ВРАЌАЊА

Задржаните лица кои беа интервјуирани изјавија дека во моментот кога биле приведени од страна на полицијата, тие патувале во групи. Сепак, не сите лица биле задржани. Од вкупно 203 лица, 36.95% (71) биле задржани, а останатите биле вратени во Грција во отсуство на формална постапка.

# РАБОТАТА НА МЗМП ОД ОБЛАСТА НА ЗАДРЖУВАЊЕТО СТРАНЦИ ОД ИМИГРАЦИСКИ ПРИЧИНИ

## ПРАВНА ПОМОШ

МЗМП обезбеди правна помош и застапување на 95 баратели на азил кои претходно биле задржани од имиграциски причини во Македонија.

## МОНИТОРИНГ

Тимот за мониторинг на МЗМП, кој се состои од правник и преведувач, спроведе 39 посети на објектот за задржување на странци во 2017. За време на посетите, 35 бегалци и мигранти беа интервјуирани и информирани за меѓународната заштита во Македонија.

## ЗАСТАПУВАЊЕ

МЗМП редовно ги доставува согледувањата од спроведениот мониторинг до релевантните власти и упатува препораки. Во 2017 година, МЗМП имаше неколку состаноци со надлежните власти, како и со домашни и меѓународни организации со цел зајакнување на системот за заштита на човековите права во контекст на задржувањето странци од имиграциски причини. МЗМП исто така обезбедува застапување во индивидуални случаи по потреба.

## ГРАДЕЊЕ КАПАЦИТЕТИ & ВМРЕЖУВАЊЕ

На 31 мај, 2017 година, МЗМП стана дел од Меѓународната коалиција за притвор, уникатна глобална мрежа од организации и поединци кои работат заедно на ставање крај на имиграцискиот притвор за баратели на азил, бегалци и мигранти.

## ИСТРАЖУВАЊЕ И ИЗВЕСТУВАЊЕ

Ова е трет извештај што се однесува на практиките на задржување на странци од имиграциски причини објавен од МЗМП. Сите извешаи се достапни на www.myla.org.mk.

## КОНФЕРЕНЦИИ

МЗМП поддржано од претставништвото на УНХЦР во Скопје и со финансиска поддршка на Европската Унија во рамките на проектот „Глобална програма за техничка помош и градење на капацитетите за спречување на притвор на децата и заштита на децата и на другите баратели на азил во притвор“ одржа конференција на тема „Имиграциски притвор во Македонија—Сегашни практики, релевантна легислатива и можни алтернативи“ на 19-ти јуни, 2017 година во Скопје.

## ЗАКЛУЧОЦИ

- Ниту едно дете не треба да биде задржано од имиграциски причини;
- Алтернативи на задржувањето треба да бидат правно достапни и спроведувани во пракса;
- Обезбедувањето на присуство на сведоци во кривичните постапки преку нивно задржување е спротивно на законот. Соодветни алтернативи треба да бидат разгледани;
- Ефективната правна помош и можноста за соодветно да се оспори законитоста на решението за задржување се клучни во гаранцијата дека правата на задржаните лица се почитувани и исполнети и
- Условите на задржување треба да соодвествуваат со домашните и меѓународните правила и стандарди.

# За Македонското здружение на млади правници

Македонското здружение на млади правници (МЗМП) е независна, професионална и непрофитна организација која обезбедува правна помош и стратешко застапување за заштита на човековите права.

Користејќи го знаењето и иновативните капацитети на младите правници, МЗМП промовира владеење на правото и влијае врз политиките преку истражување и застапување. МЗМП се залага за општество во кое ќе се воспостави владеење на правото и луѓе кои активно се залагаат за почитување на човековите права.

МЗМП е единствената организација во Македонија која овозможува бесплатна правна помош и ги застапува барателите на азил, бегалците, лицата без државјанство и други лица од интерес во постапките поврзани со азил, легален престој и други социјални права.

Работата на МЗМП е великодушно поддржана од страна на Високиот комесаријат за бегалци на Обединетите нации.

**Македонско здружение на млади правници**

Контактирајте нè:

Ул. „Донбас“ 14/1-6, 1000 Скопје
Тел: +389 2 3220 870

contact@myla.org.mk | www.myla.org.mk